Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 7, а во врска со член 29, став (1) и член 122 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ” бр. 96/2018 и „Службен весник на РСМ” бр.96/2019), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 26 декември 2019 година донесе

# ТАРИФЕН СИСТЕМ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ТАРИФНИОТ СИСТЕМ ЗА ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС И ОРГАНИЗИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ПАЗАРОТ НА ПРИРОДЕН ГАС

## Член 1

Во Тарифниот систем за пренос на природен гас и организирање и управување со пазарот на природен гас („Службен весник на РМ“ бр. 244/18), членот 13 се менува и гласи:

Член 1

(1) Определувањето на тарифите за пренос на природен гас за периодот од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година се врши во согласност со Прилог III од овој Тарифен систем.

(2) За периодот од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година, според карактеристиките и динамиката на користење на преносниот систем, се утврдуваат следните категории на потрошувачи:

1) производители на топлинска и електрична енергија од комбинирани постројки во кои едновремено и во еден процес се произведува електрична и топлинска енергија и/или механичка енергија,
2) производители на топлинска енергија и индустриски потрошувачи и
3) останати потрошувачи со потрошувачка на природен гас во претходната година помала од 150.000 $nm^3$.

(3) Односот на тарифите за пренос на природен гас за категориите на потрошувачи од ставот (2) на овој член изнесува: 1 : 1,1 : 1,15, соодветно.

(4) На носителите на лиценци за комбинирано производство на електрична и топлинска енергија за потрошените количини во период од 01.05.2020 до 30.09.2020 година, операторот на системот за пренос на природен гас може да им ја намали тарифата за вршење на дејноста пренос на природен гас до 50% од определените со соодветната Одлука за 2020 година.

## Член 2

Во Членот 14 став (1) се менува и гласи:

(1) Членовите од 1 до 12 и прилозите I, II и IV од овој Тарифен систем се применуваат од 1 јануари 2021 година.

## Член 3

(1) Овој Тарифен систем влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр. 01-3960/1** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**26 декември 2019 година** **Марко Бислимоски**

**Скопје**

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 7, а во врска со член 29, став (1) и член 122 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 96/2018 и „Службен весник на РСМ" бр.96/2019), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија пристапи кон изработка на Тарифен систем за изменување на Тарифниот систем за пренос на природен гас и организирање и управување со пазарот на природен гас.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги во декември 2018 година донесе Тарифен систем систем за пренос на природен гас и организирање и управување со пазарот на природен гас со кој што се предвидуваше отпочнување на примена на напалата по капацитети и концепт на влзе/излез кај тарифата за пренос на природен гас.

Имајќи ја во предвид состојбата со операторот за пренос на природен гас, долгогодишниот спор во однос на сопственоста на средствата кој што е во крајна фаза на разрешување, но сеуште не е финализиран, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги пристапи кон донесување на измена на Тарифниот систем.

Со овој Тарифен систем за изменување на Тарифниот систем за пренос на природен гас и организирање и управување со пазарот на природен гас се уредува начинот на определувањето на тарифите за пренос на природен гас за периодот од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година. Примената на членовите од 1 до 12 како и прилозите I, II и IV, се одлжува од 1 јануари 2021 година.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги со Решение број 02-3935/1 од 24 декември 2019 година свика подготвителна седница, која се одржа на 26 декември 2019 година и на која предмет на разгледување беше Предлог - Тарифен систем за изменување на Тарифниот систем за пренос на природен гас и организирање и управување со пазарот на природен гас. На подготвителната седница беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, претставници од Макпетрол Пром-Гас ДООЕЛ Скопје, АД Макпетрол – Скопје, АД ГЕС Скопје, АД ГА-МА – Скопје, АД ЕЛЕМ – Енергетика – Скопје, АРЦЕЛОРМИТТАЛ Скопје АД, ТЕ-ТО АД Скопје, МАКСТИЛ АД Скопје, МЕР АД Скопје, ДТИРЗ, ФЗЦ 11ти Октомври – Куманово, ЈП " КУМАНОВО – ГАС" – Куманово, АД Пивара – Скопје, АД Алкалоид– Скопје, ГЕС СКОПЈЕ ГАС ДООЕЛ Скопје, Кабинетот на Заменик Претседателот на Влада на РСМ задолжен за економски прашања, Министерството за економија, Комисијата за заштита на конкуренција, Стопанската комора на Македонија, Сојузот на стопански комори на Македонија, Советот за заштита на потрошувачите, Организацијата на потрошувачи на Македонија и Комисија за заштита на конкуренцијата

На 26 декември 2019 година се одржа подготвителна седница на која учествуваа членовите на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, како и претставници од АД Макпетрол – Скопје, АД ГА-МА – Скопје, ТЕ-ТО АД Скопје, Макпетрол Пром-Гас ДООЕЛ Скопје, Производство на топлина БЕ ДООЕЛ Скопје, МАКСТИЛ АД Скопје и ДТИРЗ Скопје. На подготвителната седница од страна на присутните беа дадени забелешки во однос на Предлог – Тарифниот систем.

Имајќи ги во предвид доставените забелешки во дадениот рок, забелешките дадени на подготвителната седница од страна на заинтересираните страни, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги изработи текст на Тарифен систем за изменување на Тарифниот систем за пренос на природен гас и организирање и управување со пазарот на природен гас, како предлог за донесување.

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на седницата одржана на ден 26 декември 2019 година донесе Тарифен систем за изменување на Тарифниот систем за пренос на природен гас и организирање и управување со пазарот на природен гас.